Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

ДА РАСТАТ СИГУРНО, ДА ВИВНАТ ВИСОКО
СЕ ГРИЖИМЕ.

SUPPORTED BY WORLD BANK GROUP

# ЗАПИСНИК

од јавна расправа со цел информирање на граѓаните и засегнатите страни за активностите за изградба на нова градинка во Општина Битола и за документот од јавен интерес *Првична ограничена оцена на влијание врз животната средина и социјални аспекти за изградба на нова градинка,* 21.12.2020

## ДНЕВЕН РЕД

1. **Краток вовед за „Проект за подобрување на социјалните услуги” поддржан од Светска Банка**
   - *Наташа Тасевска Стојановска - Координатор за администрирање грантови*
2. **Новитети во проектирањето на детските градинки и презентација на „Основен проект за изградба на нова детска градинка”**
   - *Маја Даскаловска – архитект*
3. **Презентација на документот од јавен интерес „Првична ограничена оцена на влијание врз животна средина и социјални аспекти - изградба на нова градинка”**
   - *Славјанка Пејчиновска Андонова,*
     *консултант за животна средина и социјални прашања*
4. **Прашања и одговори**
5. **Дискусија**

Следејќи ја процедурата за вклучување на засегнати страни, детално опишана во Рамката за управување со Животна средина и социјални прашања, документите кои се однесуваат на изградба на нова градинка во Битола беа објавени на интернет страната на Министерството за труд и социјална политика: https://www.mtsp.gov.mk/proekt-za-podobruvanje-na-socijalnite-uslugi.nspx и на веб страната на Општина Битола https://www.bitola.gov.mk на 07.12.2020. Целта е запознавање на заинтересираните страни со планираните проектни активности и давање можност во рок од 14 дена да се дадат коментари, предлози и забелешки, преку механизмот за адресирање поплаки https://ssip.mtsp.gov.mk/ApplyRequest.aspx или преку контакт маил кој е воден од општината. Беше оставено доволно време до денот на реализација на јавната расправа, јавноста да се запознае со документите. Покана за учество беше испратена до листа на контакти (НВО, градинки, основни училишта, претставници на општината, родители). На пријавените лица им беше препратен линк за пристап до јавната расправа која се оддржа на ЗООМ платформата https://us02web.zoom.us/j/84208855420?pwd=MVRTK2Q3b1NET2ZyMnU5aEl5UjVUdz09.

Прилог 1 - Покана за учесници на јавна расправа, Прилог 2- Покана за медиуми, Прилог 3 - Листа на пријавени учесници, Прилог 4 – Screenshots- Фотографии

Јавната расправа започна во 12.00 часот, а во продолжение се наведени прашањата кои беа поставени, одговорите и дискусијата која се разви во текот на расправата :

**Прашање (Виолета Налевска – Советник за ЛЕР и јавни дејности во Општина Битола)**
Прво да изразам благодарност што е дадена поддршка за проектот за изградба на нова градинка во Битола. Сакам да поставам прашање за компонента 1 - зошто немаме информација зошто не ни е прифатен проектот за развој на социјални услуги. Не сме добиле никакво известување во меѓувреме. Иако се имам обратено, одговор немам добиено. Нашиот проект од страна на вашите консултанти беше оценет како многу добар, а како ќе знаеме како да аплицираме повторно доколку не ни е објаснето сега што не е добро.

**Одговор (Наташа Тасевска Стојановска – Координатор за администрирање на грантови Единица за управување со проектот)**
Изборот на проектите е направен според веќе утврдените и објавени критериуми во самиот повик. Доколку еден проект не е избран, не значи дека истиот не бил добар. На изборот на проектот можело да влијае само еден поен. Од друга страна, овој повик ќе се повтори. Ќе имате можност за повторно аплицирање, до тогаш нашите мејлови и контакт телефони се јавни, може да не контактирате и имаме можност да ја споделиме секоја информација која што ви е потребна за успешно аплицирање во следниот повик.

**Прашање -** Кога ќе бие готова градинката ?
**Одговор (Маја Даскаловска, Архитект)**
Во обем и чинење, градинката ќе биде готова за 16 месеци, откако ќе се добие одобрението за градба, веројатно е дека 19 до 20 месеци ќе може да се пушти во употреба. Во моментов одобрението за градење не е правосилно и потребно е да поминат најмалку две недели за да биде правосилно - доколку нема оспорувања. Откако ќе имаме правосилно одобрение за градење, ќе биде отворена тендерска постапка за избор на изведувач која ќе трае најмалку три месеци. Рокот за изведување на градинката ќе биде 16 месеци, така што заедно вкупно очекуваме за 20 месеци да биде завршена.

**Коментар (Ѕала Бојковска - НВО Семпер)**
Се радувам што Општина Битола е избрана со овој проект, изборот на локацијата е одличен.
Многу ќе им се помогне на родителите. Ова е долгогодишен проблем во Битола. За да се добие ред во градинка буквално треба откако ќе се роди детето веднаш да се запише во градинка за да бидеме сигурни дека има место во градинка. Пресреќна сум како граѓанин и како социјален работник што им се помага на родителите, ставајќи акцент на грижата на децата, сметам дека е ова значаен проект за сите граѓани на Битола.

**Прашање (Емилија Костурски - Наставник во средно училиште, Советник на ОБ)**
Дали целокупна постапка со јавната набавка ќе биде преку МТСП или ќе биде преку Општина Битола?
**Одговор (Маја Даскаловска, Архитект – Единица за управување со проектот)**
Целокупната постапка ќе биде преку МТСП, вклучувајќи ја и набавката на опрема.

**Коментар (Фатма БајрамАземовска - Сумнал - Здружение за развој на Ромската општина)**
Навистина е значаен овој проект, за секоја мајка и жена да може да функционира и да бидеме сигурни дека децата ни се згрижени. Вклучена сум во проект кој го помага згрижувањето на децата, во соработка со Општината и со градинката Пролет, секоја година се зголемува бројот на Роми во градинките, се надевам дека и со оваа нова градинка ќе може повеќе Роми да се згрижат во градинките. Ги знаеме резултатите од истражувањата, единствено во градинките и во центрите се работи со овие деца. Добро ќе биде ако се поддржи и тоа да има и вработен во градинките од ромска етничка припадност, тоа ќе биде модел за мотивирање на родителите. Се надевам дека ќе продолжиме да соработуваме со МТСП и со Општината. Доколку е потребно за било кое прашање тука сме за помош.

**Прашање (Радмила Цветковска - Здружение Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби)**
Знаеме дека родителите на деца со посебни потреби по професија стануваат „згрижувачи" на деца со посебни потреби и полека преминуваат во семејства кои се посиромашни. Отворање на градинка и проширување на капацитетите на вакви установи е многу значајно, се надеваме дека ќе се води сметка за пристапноста и адаптирани услови за деца со попреченост и дека како Министерство предвидувате одреден број на деца со попреченост да можат да бидат сместени во оваа установа. Доколку во една група има дете со попреченост, има пропозиции колкав може да биде бројот на деца во таа група. Конечно треба да се размислува за вклучување на овие деца во претшколските установи.
**Одговор (Снежана Тодоровска - Директор на ЈОУДГ „Мајски Цвет")**
Министерството за труд и социјална политика на оваа тема направи многу. На пример, кај нас е вклучен дефектолог и психолог во градинката Мајски Цвет, гледавме да се забрза финализирање на стандардите за пристап на децата од овие групи.

**Одговор- ( Радмила Цветковска - Здружение Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби)**
Како Национален сервис сме имале искуство со родители, многупати сме биле медијатори и сме морале да интервенираме, затоа што доаѓало до недоразбирање меѓу кадарот на градинките и родителите. Ако разговараме сега конкретно, тоа ќе биде многу долго, заклучок е само дека родителите не се сигурни за згрижување на своите деца со посебни потреби во градинките. Стручните служби се во овој случај многу важни во градинките, меѓутоа можеби и кампања и менување на пристапот на кадарот во градинките е важен, како и тоа родителите да знаат дека можат да ги згрижат децата, затоа што досега искуствата на родителите не се добри.

**Прашање (Фатма Бајрам Аземовска - Сумнал - Здружение за развој на Ромската општина)**
Како ќе се постигне енергетската ефикасност на објектот?

**Одговор (Маја Даскаловска) -** Енергетската ефикасност се постигнува на повеќе начини: преку поставување на термо фасада, надворешна столарија која е енергетски ефикасна, изолација на кровот, начинот на греење, поставување на сончеви колектори, во подовите се предвидува одредена изолација, за да се затвори објектот од сите страни и да се намали загубата на енергија.

**Дали е предвидено да има камери во рамки на објектот?**
Предвидено е игралиште во дворот, предвидени се надворешни занимални, тераси, секоја занимална има директен пристап до терасата. На главните влезови од градинката ќе има камери.

**Коментар (Емилија Костурски - Наставник во средно училиште, Советник на ОБ)**
Од сè најмногу ми се допадна посветеноста на енергетската ефикасност. Ме интересира дали сте размислувале за условите за движење на децата и луѓе со попреченост?
**Одговор (Маја Даскаловска, Архитект – Единица за управување со проектот)**
Градинката е на две нивоа, во внатрешноста на објектот има рампа која што овозможува комуникација помеѓу двете нивоа. Тоалетите се направени на тој начин да нема прагови, обезбедени се држачи за деца со посебни потреби, т.е. деца со количка, и целата градинка е проодна за деца во количка.

**Коментар (Лидија Тфирст ЈОУДГ Естреја Овадија Мара, Битола)**
Многу сум среќна што Битола ќе добие ваква градинка и тоа што ќе се намали бројката на згрижени деца во една група. Како довчерашен воспитувач тврдам дека е многу тешко да се работи со група од 30-32 деца. Самиот протокол по кој работиме веќе трет месец придонесува да сфатиме колку е подобро да се работи со група од 15 деца. Во секој случај ја поздравувам идејата и пресреќна сум што Битола ќе има ваква градинка.

**Прашање (Снежана Тодоровска директор на ЈОУДГ „Мајски Цвет“)**
Прочитав во документот за начинот на третирање на отпадот. Дали е предвидено како градинката би го третирала течниот отпад? Во моментов на пример обезбедивме средства така што повикуваме фирма која што го црпи, но не знаеме каде го дистрибуира. Затоа кажувам нагласувам дека е добро Општината во соработка со Комуналните претпријатија да осмислат како од сите градинки да се собира и дистрибуира тој течен отпад.

**Одговор (Славјанка Пејчиновска Андонова, Консултант за животна средина и социјални прашања)**
Може да се направи еден мини проект за сите градинки и училишта кои што приготвуваат храна, овој течен органски отпад да се носи во постојните био-централи за производство на енергија. Има фирма од Скопје (Sunilens) која го собира отпадното масло од готвење низ цела државаго складира во својот погон, маслото се прочистува и се извезува во Австрија за добивање на био дизел гориво. Треба да се разговара со општината и се согласувам треба да се најде решение.

**Коментар (Јасминка Општина Битола)**
Да споделам информација, од скоро Јавното Комунално претпријатие во рамки на проект има купено специјални канти за собирање на течниот отпад, кој што се користи како компост, така што отпадот во соработка со Јавното претпријатие може да биде складирано, доколку се работи за органски отпад.

**Одговор (Снежана Тодоровска - Директор на ЈОУДГ „Мајски Цвет“)**
Сепак ова нема да биде решение затоа што отпадот мора да биде органски и цврст отпад, а овој отпад е во течна фаза..

**Прилог 1 – Покана до пошироката јавност за учество во јавната расправа**

Почитувани,

Задоволство ни е да Ве поканиме на Јавна расправа за проектот за **изградба на нова градинка во Битола**, која ќе се одржи на **21. декември** 2020 година (понеделник) од **12:00 до 13:20 часот**, преку интернет платформата ЗООМ (ZOOM).

За да учествувате во Јавната расправа, неопходно е да го пополните едноставниот формулар за пријавување на следниот линк - https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLScq3kwDMDML-KYRGj2Q3L8hgo1vVyQ-uLYHjQVKUHDCoLKQWQ/viewform?usp=sf_link.

Откако ќе го пополните и испратите формуларот, администраторот ќе ви достави линк од платформата ZOOM за учество на настанот. ZOOM-линкот ќе ви биде испратен на од Вас доставената мејл-адреса по 16. декември 2020 година.

Јавната расправа е во организација на Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија и Општина Битола и е отворена за медиумите.

Изградбата на новата градинка во Битола е во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги (ППСУ) на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) поддржан од Светска Банка, чија цел е проширување на пристапот и подобрување на квалитетот во системот за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст.

Јавната расправа има за цел информирање на граѓаните и засегнатите страни за проектот кој предвидува изградба на нова градинка во градот Битола и презентација на документот од јавен интерес – „Првична ограничена оцена за влијание врз животна средина и социјални аспекти" во Општина Битола. Локацијата на новата градинка е определена во југозападниот дел од градот, спроти Основното училиште „Св. Климент Охридски". Предвидениот капацитет на новата градинка е најмалку 147 деца на возраст од 6 месеци до 6 години.

Почитувани,

Покрај информирањето за досегашните и идни активности од овој проект, главна цел на Јавната расправа е и добивање повратни информации и мислења од страна на сите засегнати страни и од граѓаните, со цел да се унапреди квалитетот на предвидените активности и на целиот проект. Затоа, Ве повикуваме активно да учествувате во Јавната расправа со свои мислења и сугестии.

Документите и деталните информации за проектот се достапни на интернет страницата на МТСП - Проект за подобрување на социјалните услуги (mtsp.gov.mk) .

Со почит,
Министерство за труд и социјална политика

**Прилог 2 – Покана до медиуми**

**Покана за медиумите**

В **понеделник**, **21. декември 2020 година**, во **12:00** часот Ве покануваме да ја проследите **Јавната расправа за проектот за изградба на нова градинка во Битола**.

На расправата ќе може да се вклучите преку платформата **ЗООМ** (ZOOM), на следниот **линк** - https://us02web.zoom.us/j/84208855420?pwd=MVRTK2Q3b1NET2ZyMnU5aEl5UjVUdz09.

Јавната расправа е во организација на **Министерството за труд и социјална политика** и **Општина Битола**.

Целта на Јавната расправа е граѓаните и засегнатите страни да се информираат за деталите, но и да дадат свој придонес за унапредување на квалитетот на проектот. На настанот ќе биде презентиран и документот од јавен интерес – „Првична ограничена оцена за влијание врз животна средина и социјални аспекти" од изградбата на новата градинка во Битола.

Изградбата на новата градинка во Битола е активност во рамки на **Проектот за подобрување на социјалните услуги** (ППСУ) на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) поддржан од Светска Банка, чија цел е и проширување на пристапот и подобрување на квалитетот во системот за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст.

Со почит,

Министерство за труд и социјална политика

Општина Битола

Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

ДА РАСТАТ СИГУРНО, ДА ВИВНАТ ВИСОКО
СЕ ГРИЖИМЕ.

SUPPORTED BY WORLD BANK GROUP

**Прилог 3 - Листа на пријавени учесници**

| Timestamp | Организација/Институција/Компанија | | Општина | Занимање |
|---|---|---|---|---|
| 12/11/2020 15:43:32 | Груевски Валентин | Совет на Општина Битола | Битола | Советник за јавни набавки |
| 12/12/2020 8:30:52 | Зора Симјановска | Општина Битола | Битола | рак на одделение за економски развој-дипл.град.инг |
| 12/13/2020 12:49:24 | Радмила Цветковска | Здружение Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби | Битола | Дипломиран психолог, Национален координатор на Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби |
| 12/15/2020 10:09:08 | Лидија Тфирст Митревска | ЈОУДГ Естреја Овадија Мара Битола | Битола | Директор |
| 12/16/2020 11:43:21 | Виолета Налевска | Општина Битола | Битола | советник за ЛЕР и јавни дејности |
| 12/16/2020 11:44:34 | Ивана Ќуркчиева | МТСП | Скопје | м&е |
| 12/16/2020 11:52:19 | Симона Јовеска | Општина Битола | Битола | Соработник за работа на проекти за ранливи групи |
| 12/16/2020 11:54:57 | Пецо Димовски | ООУ„Д-р Трифун Пановски“ | Битола | Професор пов историја |
| 12/16/2020 11:55:54 | ФИЛИП САЛЕВСКИ | ОПШТИНА БИТОЛА | БИТОЛА | АРХИТЕКТ |
| 12/16/2020 12:07:00 | Снежана Тодоровска | ЈОУДГ „Мајски Цвет“ | Битола | Директор |
| 12/16/2020 12:11:57 | Златко Талевски | Општина Битола | Битола | Советник во одд. за ЕР |
| 12/16/2020 12:35:28 | Љубица Стерјева | ООУ„Тодор Ангелевски“ | Битола | Директор |
| 12/16/2020 13:12:26 | Гордана Талевска | Општина Битола | Битола | архитект |
| 12/16/2020 13:21:40 | Наташа Кривевска | СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола | Битола | Сметководител |
| 12/16/2020 13:44:28 | Dimovska Elizabeta | OU"Gorgi Sugarev,, | Bitola | Oddelenski nastavnik |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12/16/2020 13:44:49 | Ангелина Котевска | Претставник на Урбаните заедници на Битола | Битола | Магистер по информатика |
| 12/16/2020 14:48:56 | Биљана Стојковска | ООУ„Гоце Делчев“ | Битола | |
| 12/16/2020 15:30:18 | Јасминка Кочанковска | Општина Битола | Битола | психолог |
| 12/16/2020 15:34:24 | Катерина Тошевска | Здружение на еднородителски семејства ДЕЛ ОД СИТЕ Битола | Битола | Претседателка на Здружението |
| 12/16/2020 15:45:41 | Бети Булаковска | здружение на лица со посебни потреби Емануил Плус | Битола | невработена |
| 12/16/2020 17:41:06 | д-р Sала Бојкоска | Здружение за еднакви можности СЕМПЕР | Битола | д-р на социјална работа и социјална политика |
| 12/17/2020 8:11:28 | marest78@yahoo.com | Centar Detelinka Plus | Bitola | specijalen edukator |
| 12/17/2020 10:05:54 | Роза Јовановска | ОУ „Даме Груев„ | Битола | директор |
| 12/17/2020 10:26:05 | Vesna Jurak | Opstina Bitola | Bitola | |
| 12/17/2020 16:19:22 | Дијана Христовска | ООУ Стив Наумов | Битола | раководител |
| 12/18/2020 8:55:16 | Фатма Бајрам Аземовска | Сумнал - здружение за развој на Ромската општина | Битола | активист во невладин сектор |
| 12/17/2020 16:19:22 | Дијана Христовска | ООУ Стив Наумов | | |
| 12/18/2020 8:55:16 | Фатма Бајрам Аземовска | Сумнал - здружение за развој на Ромската општина | | |
| 12/18/2020 12:21:42 | Сања Мирчевска | Биро за развој на образование | | |
| 12/18/2020 14:11:41 | Fance Georgievska | Mobilnost Bitola | | |
| 12/19/2020 12:45 | Емилија Костурски | Совет на Општина Битола | Битола | наставник во СУ |

Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

ДА РАСТАТ СИГУРНО, ДА ВИВНАТ ВИСОКО
СЕ ГРИЖИМЕ.

SUPPORTED BY WORLD BANK GROUP










Главни влијанија врз животната средина
Фаза
Аспекти на животна средина
Општа проценка на ризикот на животната средина
Подготвителна фаза
Здравје и безбедност на работниците и заедницата (особено жителите во непосредната околина)
Локално, оптимално, значителен интензитет
Фаза на изградба
Здравје и безбедност на работниците и заедницата (особено жителите во непосредната околина)
Локално, оптимално, значителен интензитет
Квалитет на воздух
Регионално, краткорочно, среден интензитет
Собирање на отпад
Локално, оптимално, среден интензитет
Бучава
Локално, долгорочно, среден интензитет
Влијание врз водата и почвата
Локално, краткорочно, среден интензитет
Влијание врз флората и фауната
Не се очекува влијание
Влијание врз културното насилство
Не се очекува влијание
Оперативна фаза
Собирање на отпад
Локално, среднорочно, значителен интензитет
Безбедност на вработените, децата и родителите на влезот, за време на престојот и излегување од објектот.
Локално, долгорочно, значителен интензитет
СЕ ГРИЖИМЕ.


Ви благодарам на вниманието!


Zoom Meeting
You are viewing Natasa's screen
Активности за спроведување на проектот
Во координација со општините се доделуваат грантови за изградба на нови детски градинки/центри за ран детски развој, односно за доградба на постоечки детски градинки/центри за ран детски развој со цел проширување на капацитети
Во согласност со потребите на општините се доделуваат грантови за воспоставување и пружање на социјални услуги за сите ранливи категории на граѓани


Zoom Meeting
Ivana
Emilija Kosturski
Maja Daskalovska
Slavjanka